9

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 01-02-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër | Прилог: Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 19 - | 1911 | / | / |

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Здружение Женски Форум Тетово**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

Превенција и заштита од COVID 19 во Тетовскиот регион

(Име на проектот)

____Тетово____, 29.01. 2021 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-31/1 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение Женски Форум Тетово |
| Наслов на проектот | Превенција и заштита од COVID 19 во Тетовскиот регион |
| Период на спроведување на проектот | од –01.07.2020- година до -31.12.2020- година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Џане Крешова |
| Проектен менаџер | Џане Крешова |
| Телефон и е-пошта за контакт | 044 337 440, info@forumi.org.mk |
| Цел на проектот | Подобрена заштита и безбедност на граѓаните од COVID-19 |
| Целна група | Сите граѓани во населените места во регионот кој го опфаќа проектот |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Тетово, Желино, Теарце, Боговиње, Јегуновце, Брвеница |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 629.440 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 629812 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Во текот на зададениот период за реализација на проектот, беа реализирани сите предвидени активности и беа целосно постигнати очекуваните резултати на проектот.

**Активност 1**: Дистрибуција на информативен материјал со препораки против COVID-19
Реализацијата на оваа активност започна од самиот почеток на имплементирање на проектот.
Беше дизајниран информативен материјал со препораки против COVID-19 на македонски и албански јазик. Беа испечатени 6000 летоци и преку теренските активности за дистрибуција во текот на целиот период на спроведување на проектот, беа дистрибуирани сите 6000 летоци.
Летоците беа дистрибуирани преку теренски акции на фрекфентни места во сите 6 општини опфатени со проектот (Тетово, Желино, Теарце, Боговиње, Јегуновце, Брвеница).
Исто така информативните материјали беа дистрибуирани и за време на реализација на другите активности од овој проект како: Средби со претставници на општините опфатени со проектот и Средби со верските претставници.
Оваа активност се реализираше паралелно со активноста: Дистрибуција на заштитна опрема (маски) на граѓаните.

**Активност 2**: Креирање на едукативна видео анимација со препораки против COVID-19 која ќе биде прикажана во социјални медиуми

Реализацијата на оваа активност исто така започна од самиот почеток на имплементирање на проектот и траеше до крајот на реализацијата на проектот.
Беше креирана едукативна видео анимација со препораки против COVID-19 на македонски и албански јазик. Видео анимацијата на македонски и албански јазик беше прикажана на социјалните медиуми (facebook страната на Здружение Женски Форум Тетово https://www.facebook.com/Forumi-Gruas-207188859314635/). Беше реализиран опфат од 425 лица, до кои беа пренесени и стигнаа информациите од едукативните видео анимации.

**Активност 3:** Дизајн и промовирање на Facebook на графици со препораки против COVID-19
Реализацијата на оваа активност започна од втората половина на реализацијата на проектот и траеше до завршувањето на проектот.
Беа дизајнирани шест постови со препораки против COVID-19 на македонски и албански јазик. Постовите на македонски и албански јазик беа промовирани на социјалните медиуми (facebook страната на Здружение Женски Форум Тетово https://www.facebook.com/Forumi-Gruas-207188859314635/). Беше реализиран опфат од 45.820 лица, до кои беа пренесени и стригнаа информациите од постовите.
Со цел поефективно влијание врз граѓаните на општините опфатени со проектот, постовите со препораки против корона вирусот, беа дизајнирани и се промовираат на Facebook, во вториот период од имлементација на проектот кој ги опфати есенските месеци кога всушност и постоеше поголема опасност од зараза и ширење на вирусот меѓу граѓаните.

**Активност 4:** Средби со градоначалниците на општините опфатени со проектот за координација на активностите на проектот и соработка за ефективна реализација на активностите
Реализацијата на оваа активност започна од вториот месец на имплементирање на проектот и траеше до крајот на проектот.
Во однос на оваа активност на место средби со градоначалниците на Тетово, Желино, Теарце, Боговиње, Јегуновце и Брвеница, се реализираа средби со релевантни претставници на општините, а по препорака на самите градоначалници кои имаа делегирано преставници кои работат на следење на состојбите со корона вирусот во нивните општини. Оваа промена не влијаеше на целите и резултатите на проектот.
Беа организирани и реализирани 6 средби во сите 6 општини опфатени со проектот. Средбите беа реализирани со директна посета по општините. На тие средби беа разгледани моменталните состојби со заразени лица во секоја општина, беа разгледани можностите за подобрување на заштитата на жителите и беа дадени предлози за подобрување на состојбите. На средбите беше дистрибуиран и информативен материјал и заштитни маски кои исто така беа дел од предвидените активности со овој проект.

**Активност 5:** Средби со верски претставници со цел да се информираат за препораки против COVID-19, кои ќе им бидат презентирани на граѓаните за време на верските обреди
Реализацијата на оваа активност започна од вториот месец на имплементирање на проектот и траеше до крајот на проектот.
Во текот на спроведување на проектот беа организирани и реализирани 3 средби со муслимански и православни верски претставници, на кои беа информирани за препораките против COVID-19. На средбите беше дистрибуиран и информативен материјал и заштитни маски кои исто така беа дел од предвидените активности со овој проект.

**Активност 6:** Дистрибуција на заштитна опрема (маски) на граѓаните
Реализацијата на оваа активност започна од самиот почеток на имплементирање на проектот.
Беа набавени 5000 маски кои беа дистрибуирани преку теренските активности за дистрибуција во текот на целиот период на спроведување на проектот. Беа дистрибуирани сите 5000 набавени маски.
Маските беа дистрибуирани преку теренски акции на фрекфентни места во сите 6 општини опфатени со проектот (Тетово, Желино, Теарце, Боговиње, Јегуновце, Брвеница)
Исто така маските беа дистрибуирани и за време на реализација на другите активности од овој проект како: Средби со претставници на општините опфатени со проектот и Средби со верските претставници.
Оваа активност се реализираше паралелно со активноста: Дистрибуција на информативен материјал со препораки против COVID-19.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
**Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати**

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 1.Дистрибуција на информативен материјал со препораки против COVID-19 Ќе бидат дизајнирани и печатени 6000 летоци. | Од самиот почеток на имплементирање на проектот беше дизајниран информативен материјал на македонски и албански јазик.<br>Истиот беше дистрибуиран од страна на активистки на здружението, на терен, во текот на целиот период на спроведување на проектот во општините опфатени со проектот (Тетово, Желино, Теарце, Боговиње, Јегуновце, Брвеница) | 01.07.2020 – 31.12.2020 | - Дизајниран информативен материјал на македонски и албански јазик<br>-Испечатени 6000 летоци<br>-Дистрибуирани 6000 летоци |
| 2.Креирање на едукативна видео анимација со препораки против COVID-19 која ќе биде прикажана во социјални медиуми | Од самиот почеток на имплементирање на проектот беа креирани едукативни видео анимации на македонски и албански јазик. Тие беа прикажани на социјалните медиуми (facebook страната на здружението https://www.facebook.com/Forumi-Gruas-207188859314635/) | 01.07.2020 – 31.12.2020 | - Креирани едукативни видео анимации<br>- Прикажани едукативни видео анимации на социјални медиуми |
| 3. Дизајн и промовирање на Facebook на графици со препораки против COVID-19 | Со цел поефективно влијание врз граѓаните на општините опфатени со проектот, графиците со препораки против корона вирусот, беа дизајнирани и се промовираат на Facebook страната на здружението https://www.facebook.com/Forumi-Gruas-207188859314635/, во вториот период од имлементација на проектот кој ги опфати есенските месеци кога всушност и постоеше поголема опасност од зараза и ширење на вирусот меѓу граѓаните. | 01.10.2020-31.12.2020 | -Дизајнирани графици со препораки против COVID-19<br>-Промовирани графици со препораки против COVID-19 на Facebook |
| 4.Средби со градоначалниците на општините опфатени со проектот за координација на активностите на проектот и соработка за ефективна реализација на активностите | Од вториот месец на имплементација на проектот започнаа со реализација средбите со претставници на општините (Тетово, Желино, Теарце, Боговиње, Јегуновце, Брвеница ) опфатени со проектот. Средбите беа реализирани со директна посета по општините. На тие средби беа разгледани моменталните состојби со заразени лица со Корона вирусот во секоја од општините, беа разгледани можностите за подобрување на заштитата на жителите и беа дадени предлози за подобрување на состојбите. На | 01.08.2020 – 31.12.2020 | - Организирани и реализирани средби во 6 општини<br>- Разгледани состојбите со Корона вирусот и дадени предлози за нивно подобрување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | средбите беше дистрибуиран и информативен материјал и заштитни маски. | | |
| 5.Средби со верски претставници со цел да се информираат за препораки против COVID-19, кои ќе им бидат презентирани на граѓаните за време на верските обреди | Во текот на спроведување напроектот беа реализирани средби со муслимански и православни верски претставници, на кои беа информирани за препораките против COVID-19 и беше дистрибуиран и информативен материјал и заштитни маски | 01.08.2020 – 31.12.2020 | - Организирани реализирани средби со муслимански и православни верски претставници<br>- Пренесени препораки против COVID-19 |
| 6.Дистрибуција на заштитна опрема (маски) на граѓаните. Се планира да бидат набавени 5000 маски, кои ќе се дистрибуираат во населените места Тетово, Желино, Теарце, Боговиње, Јегуновце, Брвеница | Од самиот почеток на имплементирање на проектот беше набавена заштитна опрема (маски). Истата беше дистрибуирана од страна на активистки на здружението, на терен, во текот на целиот период на реализација на проектот, во општините опфатени со проектот (Тетово, Желино, Теарце, Боговиње, Јегуновце, Брвеница) | 01.07.2020 – 31.12.2020 | - Набавени 5000 заштитни маски<br>-Дистрибуирани 5000 заштитни маски |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Во текот на спроведување на активностите на проектот немаше проблеми.

Имаше мала промена во однос на реализација на активност 4.Средби со градоначалниците на општините опфатени со проектот за координација на активностите на проектот и соработка за ефективна реализација на активностите. Во однос на оваа активност на место средби со градоначалниците, се реализираа средби со релевантни претставници на општините, а по препорака на самите градоначалници кои имаа делегирано преставници кои работат на следење на состојбите со корона вирусот во нивните општини. Оваа промена не влијаеше на целите и резултатите на проектот.

Реализацијата на активноста 3. Дизајн и промовирање на Facebook на графици со препораки против COVID- 19, беше пролонгорина со одлука на проектниот тим, а со цел поефективно влијание врз граѓаните на општините опфатени со проектот,а со тоа и поадекватно задоволување а целите и резултатите на проектот. Имено проектниот тим одлучи графиците со препораки против корона вирусот да се промовираат на Facebook, во вториот период од имлементација на проектот кој ги опфаќа есенските месеци кога всушност и постои поголема опасност од зараза и ширење на вирусот меѓу граѓаните.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| 1.Дистрибуција на информативен материјал со препораки против COVID-19 Ќе бидат дизајнирани и печатени 6000 летоци. | / | 6000 испечатени примероци<br>6000 дистрибуирани примероци | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.Креирање на едукативна видео анимација со препораки против COVID-19 која ќе биде прикажана во социјални медиуми | 2 анимации | 425 опфат на лица | facebook страната на Здружение Женски Форум Тетово https://www.facebook.com/Forumi-Gruas-207188859314635 |
| 3.Дизајн и промовирање на Facebook на графици со препораки против COVID-19 | 6 графици | 45.820 опфат на лица | facebook страната на Здружение Женски Форум Тетово https://www.facebook.com/Forumi-Gruas-207188859314635 |
| 4.Средби со градоначалниците на општините опфатени со проектот за координација на активностите на проектот и соработка за ефективна реализација на активностите | 38 | / | / |
| 5.Средби со верски претставници со цел да се информираат за препораки против COVID-19, кои ќе им бидат презентирани на граѓаните за време на верските обреди | 13 | / | / |
| 6.Дистрибуција на заштитна опрема (маски) на граѓаните. Се планира да бидат набаваени 5000 маски, кои ќе се дистрибуираат во населените места Тетово, Желино, Теарце, Боговиње, Јегуновце, Брвеница | / | 5000 набавени примероци 5000 дистрибуирани примероци | / |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Со навремената и соодветна реализација на активностите предвидени со овој проект целосно се постигнаа предвидените цели:

- Подигната е свеста на граѓаните од Тетовскиот регион за важноста за придржување на препораките за спречување на ширење на COVID-19
- Намален е бројот на заразени од COVID-19
- Зголемен е бројот на лица кои практикуваат превентивни мерки против COVID-19

Очекувањата во самиот предлог проект, пред почетокот на реализацијата на активностите беа пошироката јавност (околу 30,000 граѓани) од населените места Тетово, Желино, Теарце, Боговиње, Јегуновце, Брвеница да бидат информирани и со тоа да се подгне нивната свест за спречување на пандемијата. На крајот на проектот, вака зацртаната бројка беше надмината (само со кампањата на социјалните мрежи беа опфатени 47,000 лица).

Здружение Женски Форум Тетово и понатаму ќе продолжи да работи на реализација на целите за спречување на пандемијата и за регистрирање на што е можно помал број на случаи на заразени со COVID-19. Имено, благодарение на веќе изградената доверба со граѓаните, соработка со општините и со верските лидери во рамки на овој проект, активистките на здружението ќе продолжат да ја подигаат свеста на граѓаните за заштита од COVID-19 и при теренски посети за реализација на други тековни активности на здружението.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | 317000 | 317000 | |
| **II. Оперативни трошоци** | 34440 | 34842 | |
| **III. Директни трошоци** | 278000 | 277970 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | 629440 | 629812 | |

## 8. Документација

(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

- Примероци од информативен материјал со препораки против COVID-19 (на македонски и албански јазик)
- Едукативна видео анимација со препораки против COVID-19(на македонски и албански јазик)
- Facebook графици (постови) со препораки против COVID-19(на македонски и албански јазик)
- Копии од листи на учесници на Средби со претставници на општините опфатени со проектот
- Фотографии од Средби со претставници на општините опфатени со проектот
- Копии од листи на учесници на Средби со верски претставници
- Фотографии од Средби со верски претставници
- Фотографии од улични акции за дистрибуција на информативен материјал и заштитна опрема (маски) на граѓаните

Тетово, 28. 01. 2021 год.

Џане Крешова,

Извршна директорка

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата)

(Потпис)

ЖЕНСКИ ФОРУМ - FORUMI I GRUAS
ЗДРУЖЕНИЕ - SHOQATA
TETOBO - TETOVË

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на здружението | ЖЕНСКИ ФОРУМ - ТЕТОВО | | | |
| Наслов на проектот | Превенција и заштита од COVID 19 во Тетовскиот регион | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 629440 | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | 0 | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 629440 | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Плати и надоместоци | | | | |
| Проект координатор | 126,000 | 126,000 | 0 | 0% |
| Проект асистент | 111,000 | 111,000 | 0 | 0% |
| Активист 1 | 40,000 | 40,000 | 0 | 0% |
| Активист 2 | 40,000 | 40,000 | 0 | 0% |
| **Вкупно за I** | 317,000 | 317,000 | 0 | **0%** |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Транспорт Гориво со сопствено возило | 7,200 | 7,102 | 98 | 1% |
| Канцелариски трошоци, тонер и хартија | 18,240 | 18,240 | 0 | 0% |
| Информации и комуникација | 9,000 | 7,422 | 1,578 | 18% |
| Банкарски Провизии | 0 | 2,078 | -2,078 | 0% |
| **Вкупно за II** | 34,440 | 34,842 | -402 | -1% |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Дизајн и печатење летоци | 105,600 | 105,600 | 0 | 0% |
| Креирање на едукативна видео анимација | 64,000 | 64,000 | 0 | 0% |
| Дизајн и промовирање на Facebook на графици | 8,400 | 8,400 | 0 | 0% |
| Набавка на заштитни маски | 100,000 | 99,970 | 30 | 0% |
| **Вкупно за III** | **278,000** | 277,970 | 30 | **0%** |
| **ВКУПНО I + II + III** | **629,440** | 629,812 | -372 | **0%** |

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.